**ЗАПИСНИК**
**од првата конститутивна седница на Совет на општина Гевгелија**
**одржана на 26.10.2017 година**

На првата конститутивна седница на Советот на општината што се одржа со почеток во 13 часот присуствуваа 19 членови на Советот од вкупно 19 членови колко што брои Советот.
Седницата ја отвори највозрасниот член на Советот ,Магдалена Делковска .

Откако се констатира дека постои кворум за полноважно одлучување,советничката Магдалена Делковска ја отвори првата конститутивна седница на Советот на општина Гевгелија.

За работа на првата конститутивна седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Верификација на мандатот на членовите на Советот на општина Гевгелија:
1.1. Избор на Комисија за прашања за верификација на мандати на Советот на општина Гевгелија,
1.2 Извештај од Комисијата за прашања за верификација на мандати на Советот на општина Гевгелија и верификација на мандатот на членовите на Советот на општина Гевгелија,
2. Избор на претседател на Советот на општина Гевгелија,
3. Избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на избори и именувања на Советот на општина Гевгелија,
4. Предлог-Одлука за определување членови на Советот на општина Гевгелија за присуство при склучување на брак на подрачјето на општина Гевгелија.

Советничката Магдалена Делковска отвори претрес по предложениот дневен ред и бидејќи никој не се јави за збор го стави дневниот ред на гласање и **Советот едногласно го усвои.**

Потоа се мина на работа по усвоениот Дневен ред:

**Точка 1. Верификација на мандатот на членовите на Советот на општина Гевгелија:**

**1.1. Избор на Комисија за прашања за верификација на мандати на Советот на општина Гевгелија.**

Советничката Магдалена Делковска за претседател на Комисијата го предложи советникот Перо Стојанов а за членови советниците Виктор Кралев,Снежана Ташевски,Трајко Арџанлиев и Ристо Ѓоргиев.

По завршувањето на претресот предлогот на советничката за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања за верификација на мандати се стави на гласање и **Советот едногласно го усвои** и за претседател на комисијата е избран Перо Стојанов а за членови советниците Виктор Кралев,Снежана Ташевски,Трајко Арџанлиев и Ристо Ѓоргиев.

**1.2 Извештај од Комисијата за прашања за верификација на мандати на Советот на општина Гевгелија и верификација на мандатот на членовите на Советот на општина Гевгелија.**

Советничката Магдалена Делковска ги повика членовите на Советот ,уверенијата за избор да ги предадат на Комисијата за прашања на верификација на мандати и го повика претседателот да ја свика Комисијата а потоа да поднесе Извештај со предлог за верификација на мандатите на членовите на Советот.

Претседателот на Комисијата,Перо Стојанов поднесениот извештај го образложи пред Советот и укажа дека при разгледувањето на доставените уверенија од општинската изборна комисија од Комисијата едногласно е контатирано дека не постојат законски,статутарни и деловнички пречки за верификација на мандатите на новоизбраните членови на Советот на општина Гевгелија и на Советот му се ставаат на ферификација следните членови:
Ташко Дојчинов,Даниела Иљкова,Тихомир Ручкоманов,Тодор Ристов,Магдалена Делковска,Перо Стојанов,Митко Алчинов,Виктор Кралев,Снежана Ташевски,Елизабета Јаневски,Андон Сарамандов,Зоран Лазаревски,Марија Магдинчева –Шопова,Ристо Камов,Ангелинка Петкова,Игор Илков,Трајко Арџанлиев,Томе Кичуков и Ристо Ѓоргиев.

Советничката Магдалена Делковска отвори претрес по Извештајот и предлогот на Комисијата за прашања на верификација на мандати на Советот на општина Гевгелија.

Бидејќи никој не се јави за збор Извештајот и предлогот на ферификација на мандатите советничката ги стави на гласање и **Советот едногласно ги усвои** и е верифициран мандатот на членовите :
Ташко Дојчинов,Даниела Иљкова,Тихомир Ручкоманов,Тодор Ристов,Магдалена Делковска,Перо Стојанов,Митко Алчинов,Виктор Кралев,Снежана Ташевски,Елизабета Јаневски,Андон Сарамандов,Зоран Лазаревски,Марија

Магдинчева –Шопова,Ристо Камов,Ангелинка Петкова,Игор Илков,Трајко Арџанлиев,Томе Кичуков и Ристо Ѓоргиев.

По верификацијата на мандатите членовите на Советот ,согласно член 38 од Законот за локална самоуправа и член 22 од Статутот на општина Гевгелија дадоа и потпишаа свечена изјава.

**Точка 2. Избор на претседател на Советот на општина Гевгелија.**

Советничката Магдалена Делковска отвори претрес по точката Избор на претседател на Советот на општина Гевгелија и ги повика советниците да достават предлози за претседател на Советот.

**Советникот Тодор Ристов** се јави за збор и за претседател на Совет го предложи советникот Ташко Дојчинов.

По завршувањето на претресот советничката го стави предлогот на советникот Тодор Ристов на гласање и **Советот со 10 гласа "за" и 9 "воздржани" го усвои** и за претседател на Советот е избран Ташко Дојчинов.

По извршениот избор советничката Магдалена Делковска во име на сите членови на Советот му го честиташе изборот и го замоли избраниот претседател на Совет ,Ташко Дојчинов да си го заземе местото и продолжи со претседавање со седницата .

**Претседател на Совет -Ташко Дојчинов** "Сакам да се заблагодарам за укажаната доверба но во исто време во мое име и во име на советниците да му честитам на градоначалникот за изборот ,да му посакам успешна работа,успешна соработка со Советот а во исто време сакам да им честитам на сите советници за изборот и се надевам дека во наредниот период во мандатот од четири години ќе имаме успешна и плодна соработка ,сето тоа во интерес на сите граѓани на општина Гевгелија.Предлагам да преминеме со работа на следната точка од дневниот ред . "

**Точка 3. Избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на избори и именувања на Советот на општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по точката Избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на избори и именувања на Советот на општина Гевгелија и за претседател на Комисијата го предложи советникот Тодор Ристов а за членови советниците Митко Алчинов,Ташко Дојчинов,Зоран Лазаревски и Ристо Ѓоргиев.

По завршувањето на претресот претседателот на Совет го стави на гласање предлогот за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на избори и именувања на Советот на општина Гевгелија и **Советот едногласно го усвои** и за претседател на Комисијата е избран советникот Тодор Ристов а за членови советниците Митко Алчинов,Ташко Дојчинов,Зоран Лазаревски и Ристо Ѓоргиев.

**Точка 4. Предлог-Одлука за определување членови на Советот на општина Гевгелија за присуство при склучување на брак на подрачјето на општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за определување членови на Советот на општина Гевгелија за присуство при склучување на брак на подрачјето на општина Гевгелија.

По завршувањето на претресот претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за определување членови на Советот на општина Гевгелија за присуство при склучување на брак на подрачјето на општина Гевгелија и **Советот едногласно ја усвои.**

**Ристо Ѓоргиев-член на Совет** даде забелешка дека Одлуката е веќе изгласена а не се образложи кои ќе бидат тие членови на Советот кои ќе присуствуваат при склучување на брак на подрачјето на општина Гевгелија.

**Ташко Дојчинов-претседател на Совет** даде одговор дека во одлуката е дадено кратко образложение дека дополнително по азбучен ред до матичната служба ќе биде доставен список на советници и наизменично по азбучен ред ќе бидат повикувани советниците при склучување на брак.

Бидејќи дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори првата конститутивна седница на Советот на општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на општина Гевгелија**
**Ташко Дојчинов**